Erasmus+

Во согласност со правилата од грантот за проектот Elderly Care Givers (Негователи на стари лица) кој е финансиран од Erasmus + програмата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Приватна Образовна Установа Отворен Граѓански Универзитет за Доживотно Учење „Ванчо Прќе“ - Штип распишува

**К О Н К У Р С**

за аплицирање на учесници во проектот. Основни услови кои пријавените учесници мора да ги исполнуваат се најмалку завршено основно образование, полни 18 години и основно познавање на англиски или германски јазик.

Учесниците кои се заинтересирани да учествуваат во обуката потребно е да достават:

- CV;

- мотивационо писмо;

- свидетелство или диплома од завршено образование;

- фотокопија од валиден биометриски пасош;

- сертификат за целосна вакцинација од Covid 19.

Документацијата може да се достави во просториите на ПОУ ОГУДУ „Ванчо Прќе“ - Штип (ул.Партизанска, бр. 52/А-44) секој работен ден од 08.00 до 13.00 или скенирана на мејл naruni.stip@yahoo.com, не подоцна од 08.04.2022.

Мобилноста (обуката) ќе биде со времетраење од 14 дена и ќе се одвива во Лајпциг - Германија, ќе се изведе во јуни - јули 2022. Избрани ќе бидат 10 учесници.

За дополнителни информации може да не контактирате во нашите простории, мејл или телефон 070 537 725.

Erasmus+

Селекцијата ќе се врши врз основа на следните

**КРИТЕРИУМИ**

за избор (селекција) на учесници во проектот Негователи на стари лица:

**1. Степен на завршено образование**

Доказ: свидетелство / диплома од завршено образование

Бодување: 1 поен – завршен факултет; 2 поена – завршено средно стручно образование; 3 поена – завршено средно гимназиско образование; 4 поена – започнато, незавршено средно образование; 5 поени – завршено основно образование.

**2. Мотивираност за посета на обуката**

Доказ: мотивационо писмо

Бодување: 0 поени – доставено мотивационо писмо; 1 поен – доставено мотивационо писмо.

Напомена: Поради специфичноста на местото на обуката (пензионерски дом) и поради почитување на протоколите пропишани од страна на Министерството за здравство на Германија, сите оние учесници кои ќе бидат избрани мора да имаат извршено целосна имунизација за Ковид 19.

Селекцијата ќе ја изврши трочлена комисија составена од вработените во ПОУ ОГУДУ „Ванчо Прќе“ – Штип.

Штип,

25.03.2022

Од Комисијата